**ЃОРЃИ П. ПАНОВ**

# ПОПОЛНЕТА ПРАЗНИНА

афоризми

Најболната вистина е полековита
од здравата и  восхитувачка лага.

***

Многу посилни и поопасни по
човековото здравје се менталните
отрови: гневот, бесот и незнаењето
отколку хемиско-биолошките.

***

И кога спиете подсвеста
будно ви работи.

***

Неспоредливи се категориите
пријателски и бизнис врски
според квалитетот, тежината
и вредноста.

***

Подобро часови и денови порано,
отколку секунда и минути покасно
од вистинскиот момент.

Трајните вредности и традициите се
основа на сопствениот идентитет.

***

Доколку сте против сите ризици,
значи дека не сте се поместиле
од место.

***

Никогаш не може да сте сигурни
дека тоа што сте го оставиле за
утре, нема да ве остави вас.

***

Не треба предрасудите да ги
обвинувате или осудувате,
туку оние личности кои што
сеуште ги немаат отфрлено досега.

***

Длабоките мисли почесто ги
придружуваат интелектуалците
навлезени длабоко во сериозни години.

Никогаш не вртете им грб дури
и на оние во кои имате доверба.
Постои можност да ви ја приграбат.

***

Ништо не ви вреди молчењето
кога сте ги „посрале” гаќите.

***

Единствено долговите и надежта
никогаш не умираат. И без тестамент
ги добивате во наследство.

***

Длабоките мисли почиваат
врз плитки вистини.

***

Сеуште не можам да сфатам чија
„вистина” е пошарена и поточна:
прокламираната социјална
солидарност во социјализмот
или перфектната индивидуалност
во развиениот капитализмот.

Најголемите мајстор - манипулатори
најтешко би ги препознале во животот.
Секогаш пред нив има неколку нивоа на
извршители.

***

Многу тешко и ретко на површината
во меѓучовечките односи се среќават
и пронаоѓаат  личности со длабоки
карактери.

***

За  разлика од нашите древни
и мудри прапрапредци кои учеле
за себе, сегашните генерации почесто
учат за пофалби, титули и аплаузи.

***

Нежните почетни потези секогаш
имаат груба завршница.

Брилијатниот, генијалниот ум
не познава мрачни и непознати
лавиринти.

***

Најлесно се манипулира со јавното
мислење кога се земаат предвид
најтешките параметри без
соодветен репер.

***

Сигурно ќе имавме различна сегашност
и иднина да не постоеше толкав број на
медиокритети среде интелектуалците.

***

Семето на поделеноста најуспешно
`рти и  расне во заедничка нива.

Не зборовите и гестикулациите туку
постапките и манирите го дефинираат
и осветлуваат вашиот карактер.

***

Ниеден уметник, научник или
професионалец не го достигнал
својот гениј доколку работел
спротивно на  законите и силите
на природата.

***

Зарем и вие мудриот човек
го сметате за сиромашен?!?

***

За хедонистите поважно е животот
да го јаваат отколку да го живеат.

***

Грешките најдобро се исправаат
со неповторување на истите.

Почетните плитки мисли и одлуки
најчесто имаат за последица длабоки
проблеми на крајот.

***

Големината на културните
личности се состои во тоа
да мора да ги толерираат
и некултурните.

***

Ниските удари најчесто ги
има во високата политика.

***

Ако е нормално политичарите
да лажат, зошто тогаш народот
безрезервно им верува.

***

Невозможно е да дојдеме
до заеднички став кога
вие застапувате две страни.

Какви закони и политики - такви
економски стандарди и просперитет.

***

Онаму кадешто нема позитвни
практики и примери апсурдно
е да се очекува светла иднина.

***

Повеќе ред ќе имаше во нашиот
поредок доколку се испочитуваа
барем непишаните закони.

***

Најголемите манипулатори
најчесто биле изманипулирани.

***

Парадоксот на владеењето е
во тоа што народот ја финансира
дури и онаа власт која работи
против неговите интереси.

Егоистите сé што не е во нивна корист,
сметаат дека оди на нивна штета.

***

Кога нашите закони се носат
без поширока стручна, научна
и демократска расправа процедура јасно
е зошто се недоносени.

***

Колку подолго време ја остваруваат
својата програма политичарите
сметаат дека се поуспешни.
Но, вистински репер е најкратката
оперативна категорија - деновите,
а не годините.

***

Оние со далбоки џебови понекогаш
се заробеници на плитки мисли.

Невозможно е да имате чисти мисли
кога живеете во загадена средина.

***

Парадокс без преседан
- оние кои што
сте ги описмениле и цивилизирале - не го
признаваат вашето име; идентитет;
култура, традициии, континуитет!!!

***

Никогаш парите не трошете ги во
егоистиички цели, туку напротив во
алтруистички.

***

Вистинските алтруисти никогаш не
се обидуваат да се покажат и докажат
пред останатите во повеќето ситуации.

***

Никогаш не очекувајте од оние кои
ве довеле до работ од амбисот и
пред пропаст да ве спасат.

Ниедна будала не може да
се носи со неговиот ум кога
секогаш се прави будала
меѓу умните и умен меѓу
будалите.

***

Некои луѓе едноставно
многу тешко можат да ви
бидат пријатели. Но сепак,
не ставајте ги на листата
на вашите непријатели.

***

Најлесно простуваат вљубените
и алтруистите - секогаш и секаде.

***

Не очекувајте премногу хуманост
и емпатија од оние кои се потпираат
врз страстите и инстинктите.

Оние кои даруваат од срце
секогаш повеќе се радуваат
од оние коишто ги примаат даровите.

***

Секогаш кога ќе ја ослободите
душата и нејзината енергија -
- извира љубовта и мудроста
како две компоненти на една
просветлена индивидуа.

***

Колку повеќе хуманост споделувате,
за толку повеќе станувате хумани.

***

Единствениот начин себеси да се
реализирате е да им дозволите и на
другите себеси да се реализираат
преку вас.

Врвен цинизам е кога оној што кажува
дека не може со ништо да ви помогне,
максимално се труди да ви одмогне.

***

Циниците секогаш наоѓаат изговори
поради немање можности и волја да
им помогнат на совите ближни.

***

Доколку на давањето се гледа од
аспект на примање - тогаш оние што
најмногу даваат и примаат најмногу.

***

Бадијала се обидувате да
се искачите по духовните
скали со претешкиот товар
од материјалните вредности.

***

Итреците најчесто својата среќа
ја градат врз несреќата на наивците.

Најлесно може да ве измами
оној што најтешко ја стекнал
вашата доверба.

***

Лагата не нé ослободува.
Таа ве контролира
прво вас, а натаму и другите.

***

Високите морални вредности
остануваат засекогаш недостижен
идеал за луѓето со ниски страсти и
вредности.

***

За разлика од лагата, вистината
никогаш не е потрбно да дава
образложение.

***

Најчесто нечесните цели
се прикриваат позади т.н. „чесни” намери.

Единствен начин да постигнете
внатрешен, но и надворешен мир е
да ги прифатите луѓето и односите
такви какви што се.

***

Каде има итрина, таму постојат
и измами; каде пак има искреност
таму постои алтруизам.

***

Лошите навики секогаш се
придружувани од добро друштво.

***

Човек без карактер е исто
што и пари без куповна моќ.

***

Вештите демагози и манипулатори
способни се секогаш убаво
спакуваната и прикриена
лага да ја пласират како гола вистина!!!

Единствено со скротени ниски страсти се постигнуваат високи вредности и достигања.

***

За еротоманите единствениот начин на комуникација е сексот.

***

И најнезначајната работа што човекот ја работи ги носи боите на неговиот карактер.

***

Здодевните личности постојано извлекуваат поинтересен крај.

***

За разлика од почетокот на разузданите страсти, нивниот завршеток почесто е неизвесен.

Дури и кога го деградира својот
народ не се откажува од својот
идеал - парите.

***

Од пијаниците и болните ги
почитувам само оние кои се
пијани и болни од љубов.

***

Кон тешки навреди и зборови
прибегнуваат луѓе со лесни
карактери.

***

Во основата на секоја лага
лежи користољубието или
било каква добивка.

***

Вистинските боеми за свој
прв дом секогаш го сметаат
ресторантот и кафеаната.

И најдосадното повторување
на некоја активност има позитивни
елементи - што незабележително
ви преминува во навика.

***

И кодошите стануваат бесмртни,
но за релативно кратко време.
Нивните кодошења живеат
најмногу 40 дена по смртта.

***

Искреноста и чесноста се двете
најважни црти кои го прават еден
карактер богат или сиромашен.

***

За некои личности и кавгата е дијалог!

***

Каков парадокс - понижуваната
и презрена личност најмногу
преферира да понижува и презира!

Најголема  далечина помеѓу две
личности се пројавува кога едната
ќе ги препознае своите маани во другата.

***

Сексот и мамонизмот се слични на
морската вода. Колку повеќе ги
конзумирате, толку повеќе сте жедни.

***

Не секоја насмевка и љубезност
се искрени и емотивни. Поголемиот
дел се професионална обврска и
протокол.

***

Од голата вистина најмногу
се плашат и срамат оние коишто
постојано ја облекуваат.

***

Оправдувањето е изговор на
мрзеливите и помалку одговорните.

Со инает и тврдоглавост најбрзо
се доаѓа до првиот ѕид или судир!

***

Премалите амбиции ќе ве направат
скржавци, преголемите пак егоисти.

***

Во секоја маана постои прикриено
зрно на доблест и обратно.

***

Оние што се декларираат за
безгрешни, знајте дека се најгрешни.

***

Далекувидите воопшто не се
чудат на сегашните настани.

Негативната карма е слична на
затезната камата. Доколку не ја
елиминирате таа постојано ќе расте.

***

И најдолгиот ден почнува
со првиот утрински зрак.

***

Љубовта е сосем спротивна на
самољубието и тие се исклучуваат
меѓу себе. Првата е несебична
и хумана категорија, а втората
себична и нехумана.

***

Љубовта е толку комплексна
категорија така што истата
не може да ја дефинираат
сите сетила одеднаш.

Зарем не е бесмислена трката
за пари, профит и престиж кога
сме сфатиле дека најголемите
и бесценети вредности во
животот не се купуваат со пари.

***

Секоја длабока љубов бара
чисто срце и бистар ум.

***

Ниедна омраза не може да
биде поголема од мојата
љубов кон моите ближни.

***

Од љубов не се живее, но
без неа и од неа се умира.

***

Патот до љубовта води низ
најдолгата и најтешката траса
што минува низ срцето.

Оние што имаат топло срце
никогаш не им е студено.

***

Фонтаната на животот без жена
е исто што и „мртва природа”.

***

Жените почесто почнуваат војни
заради љубов, отколку поради
омраза или одмазда.

***

Жените понекогаш се спремни
да го придружуваат и црниот ѓавол
само да ги поминат рајските порти.

***

Постојат жени кои им се
поверни на своите тоалети
отколку на своите мажи.

Вештите дами своите маани
успешно ги претвориле во
доблести.

***

Дарежливите дами постојано
се дружат со надарени господа.

***

Колку помалку компромиси и
содржини помеѓу партнерите -
толку повеќе разидувања.

***

Неуките жени преферираат учени
партнери, пријатели, а особено
љубовници.

***

Најсигурниот и најчесто
користениот лост со којшто жените
го придвижуваат светот се мажите.

Напредните и модерни жени
секогаш ги задоволуваат барањата
на своите партнери за разлика од
конзервативните.

***

За разлика од порано кога жените
беа спремни да се жртвуваат за своите
мажи - сега тоа го бараат од мажите.

***

„Анимир" дамите навреме
раскрстиле со својата репутација.

***

Не само невините девојки туку и
останатите категории припаднички
на женскиот пол знаат многу вешто
да ја материјализираат невиноста.

Жената, слично како и лековите
треба многу внимателно да се
консумира.
Во помали дози е лек,
но во поголеми - отров.

***

И мажите го сакаат тоа што го
сакаат жените, но само по стиловите
и вештините се разликуваат.

***

За некои припаднички на женскиот
пол сладостраста е божествен рај,
додека за други - земски пекол.

***

Дамите со длабоко деколте не
преферираат мажи со плитки џебови.

Жените со превисоки прагови на
очекувања и критериуми почесто
се осамени и тажни.

***

Не очекувајте секогаш квалитетен
и правопроционален однос од
дамите со солидни пропорции.

***

Патот на успехот води низ
трнливите скали на поразите.

***

Линијата на успехот води низ
многубројните точки на поразите.

***

Кога се извесни добитниците, сé
појасни стануваат и губитниците.

Брз успех - уште побрз заборав.

***

Вештите манипулатори и без
ракавици успешно си ги местат
шансите за сопствен успех.

***

Пропуштената можност исто
како и непроспиената ноќ -
- загубени се засекогаш.

***

Посакуваните цели многупати
зависат од непосакувани идни
настани и фактори.

***

И најкрупните подвизи
започнале со ситни чекори.

Конзервативните карактери
најбрзо ќе ги почувствуваат
последиците од промените.

***

Никогаш не реагирајте на падовите
и подемите со големи емоции. Тие
се само попатни станици во нашиот
живот.

***

Секое признание на грешките
покажува дека сте спремни да
се корегирате.

***

Секое богатство стекнато на брз
и нечесен начин води кон уште
побрза изопаченост и егоизам
од екстремен вид.

Единствениот услов што не
успеваше да го исполни во
животот за да успее беа - роковите.

***

Секоја цена е безвредна во
однос на моралната вредност
на постигнатиот успех.

***

Не најталентираните туку
најупорните почетници постигнуваат
врвни резултати во кариерата.

***

Фокусот на нашето внимание
треба постојано да го насочуваме
кон решението, а не кон постојниот
проблем.

Оние кои се спремни на ризик
треба точно да ја пресметаат
можната загуба.

***

Како на поразот така и на
секоја победа потребна им
е темелна анализа, а не образложение.

***

Доколку побрзиот начин на
живот беше поздрав - желките
не ќе живееја и по триста години.

***

Нашите граѓани веруваат
во подобра иднина дури и
кога живеат во многу лоша сегашност.

***

Единствено вашата избраничка
може да го претвори вашиот
живот во рај, односно пекол.

Народ кој што не држи до
своите традиции и корени,
не може да очекува светла иднина.

***

Во моментот на смртта умира
телото, но не и сите атрибути
на една личност.

***

Оние коишто го ставаат на коцка
туѓото здравје - никогаш не може
да бидат сигурни ниту за своето.

***

Болните луѓе повеќе и почесто го
ценат здравјето отколку здравите.

***

Позитвните вибрации имаат секогаш
позитивно влијание врз здравјето.

Невозможно е сопрузите на жените
кои најчесто ги „боли” глава, да имаат
здраво либидо.

***

Доброто здравје е повеќе од среќа.

***

Господ нека ни е напомош кога
црковните достоинственици се
занимаваат со економија и бизнис
додека некои економисти и
политичари со религија.

***

Геслото: „со минимум труд до
максимално богатство” - значи
негација на основните економски закони.

***

Силните политички апетити
бараат и соодветна економска
силна кујна.

Кога секој би ја работел својата работа
на најдобар можен начин, повеќе
од сигурно е дека не би имало толку
невработени и толкава сиромаштија.

***

Постои обратна пропорција помеѓу
криминалот и корупцијата од една
страна со економскиот раст и
стандардот од друга. Кога првите
две се во пораст, вторите опаѓаат.

***

Ниедна сметка не ви
вреди без точна пресметка.

***

Даночниците се како ловциите,
повеќе сакаат да ловат отколку
да бидат ловени.

Каков апсурд: само во земја
без силни стандарди, политичарите
се подобро платени и живеат
подобро од вистинските експерти
во своите професии.

***

За колку е помал бројот на
мултимилионерите, за толку
е пропорционално поголем бројот
на екстремно сиромашните.

***

Секое живеење во минус значи
брзо тонење во амбис.

***

Само најистрајните и просветлените
личности ја исполнуваат својата
животна мисија.

Животот потребно е да се живее и ужива,
а не да се одлага и толкува.

***

Се́ помалку се оние кои се спремни
да го жртвуваат животот за своите
идеали и идоли, а се́ повеќе оние
коишто  го жртвуваат животот на
другите.

***

Единствениот мост помеѓу минатото
и иднината е денешниот живот.

***

Многумина потребно е да живеат
субстандардно за малкумина
уживаат во суперстандардот.

***

Колку поширок дијапазон на желби
толку помало нивно остварување.

Контролираната слобода според
нејзините ограничувачки елементи
е близначка на ропството.

***

Сите дилеми и двојства најчесто
имаат по едно решение.

***

Надежта е многу слична на меницата.
Таа може постојано да се индосира, а
кога ќе доспее за наплата да биде и
ненаплатлива.

***

Апсурдно е да прокламирате подобар
економски стандард кога законски
порастот на индексот на цените не е
врзан со просечните исплатени плати
и пензии.

Ѓорѓи П. Панов е роден на 11 јуни 1960 година во Струмица. Основно и средно образование - гимназија, завршува во родниот град. Дипломирал во 1983 година на Економскиот факултет во Скопје.

Уште од најрани младешки години хоби му е пишување поезија. Сепак, многу поголем интерес пројавува кон афоризмите кои се негова преокупација над 25 години.

Првата збирка афоризми "Духовни бранувања" е издадена во 2001 година, а втората, "Клепсидра", во 2004 година. И двете книги се преведени на англиски јазик од еминентниот полиглот проф. Георги Стоев во декември во 2007 година. Има објавувано афоризми во локалните весници „Струмички весник" - 2002 година и „Струмица денес"-2005 година.

Во проектот РАСТКО МАКЕДОНИЈА:
http://www.makedonija.rastko.net// застапен е со првите две збирки афоризми: „Духовни Бранувања" и „Клепсидра".

„Втора кожа" е негова трета книга со афоризми. Негови афоризми се објавувани и во Osten WEB броевите: 8, 9 и 12.

"Пополнета празнина"-2010 година, е негова четврта книга-заедничка со Ристо Филчевски и Костадин Устапетров афирмирани и еминентни роднокрајни афористичари.

Неговата веб страница:
http://www.aphorismspanovpg.com// во исто време на македонски и англиски јазик е поставена од 2008 година и е негов скромен придонес кон

популаризација на афоризмот кај нас и пошироко во светот.